20150481915

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14 и 20/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 13 март 2015 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА НА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА ОД СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ОБЛАСТА НЕФРОЛОГИЈА – ХЕМОДИЈАЛИЗА СО ВКЛУЧЕНИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ КАКО ЗАВРШЕНА ЕПИЗОДА НА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува референтната цена по која Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги од специјалистичко консултативна здравствена заштита од областа нефрологија-хемодијализата со вклучени специјалистичко-консултативни здравствени прегледи, како завршена епизода на лекување, која е на товар на Фондот.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја надоместува хемодијализата со вклучени специјалистичко-консултативни здравствени прегледи како завршена епизода на лекување како услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од областа на нефрологија по цена од 90 Евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на 30 септември од претходната година за цела наредна година. Референтната цена ги опфаќа трошоците за хемодијализа со вклучени специјалистичко-консултативни здравствени прегледи како завршена епизода и дијагностичките испитувања согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа, како и превоз на пациентите.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на РепубликаМакедонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 1 април 2015 година.

Бр. 02-5312/2
18 март 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.